ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ГОДИШЕН ПЛАН

## ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
## НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Скопје, декември 2025 година

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ВРИ | Врховна ревизорска институција |
| ДДЈН | Доделување на договор за јавни набавки |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЕОВРИ/ЕУРОСАИ/ EUROSAI | Европската организација на врховни ревизорски институции/ EUROSAI - European Organisation of Supreme Audit Institutions |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ИСО/ ISO | Меѓународна организација за стандардизација / International Organization for Standardization |
| МОВРИ /ИНТОСАИ/ INTOSAI | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции/ INTOSAI - International Organization of Supreme Audit Institutions / |
| МСВРИ/ISSAI | Меѓународни стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI - International Standards of Supreme Audit Institutions) |
| МФ | Министерство за финансии |
| НДИ/NDI | Национален Демократски Институт/National Democratic Institute |
| НССК | Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Република Северна Македонија |
| УНДП/UNDP | Програма за развој на Обединетите нации/United Nations Development Programme |

Врз основа на член 9 став 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 3/25), а во врска со Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата[1], Главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
# НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

## Вовед

Корупцијата претставува злоупотреба на доверена моќ за приватни интереси. Манифестацијата на корупцијата има повеќе форми и облици: мито, поткуп, непотизам, кронизам, клиентелизам, злоупотреба на службена положба и овластување, злоупотреба на јавните фондови и ресурси. Корупцијата го уништува демократскиот напредок на една држава и ја слабее довербата на граѓаните во институциите и власта.

Корупцијата има најразлични облици и може да вклучува:

- јавни службеници коишто бараат или земаат пари и услуги во замена за некаква услуга;
- политичари коишто ги злоупотребуваат јавните пари, доделуваат работни позиции или договори на своите спонзори, пријатели, семејства и
- правни субјекти коишто ги поткупуваат функционерите за да добијат поволни договори.

Корупцијата вообичаено се случува дискретно и во зависност од тоа како и каде се манифестира, честопати е овозможена и со помош на носителите на платниот промет, адвокатите, сметководителите, нетранспарентните трансакции, перењето пари, несразмерното богатење[2].

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[3] под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, додека под судир на интереси се подразбира состојба во која

[1] Службен весник на Република Македонија број 37/07.
[2] https://transparency.mk/shto-pretstavuva-korupcijata/
[3] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ број 12/2019;„Службен весник на РСМ“ број 160/20), член 2 став (1).

службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“[4].

Во исто време корупцијата може да ја опишеме и со следната општо позната дефиниција:

К = (М + ДО) – Т

**Корупција = (монопол + дискрециони овластувања) – транспарентност.**

Интегритетот и корупцијата се две појави кои се спротивни една на друга, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес[5].

Веројатноста да дојде до корупција е поголема кога една организација или лице:

- има монопол во владеењето врз добро или услуга;
- има дискреција при донесувањето на одлуки за тоа кој ќе добие добро или услуга;
- не подлежи на одговорност за своето однесување.

Наведеното презентирано преку едноставната формула на Роберт Клитгард (1998) е претставено како:

**К (корупција) = М (монопол) + Д (дискреција) – О (одговорност).**

Конвенцијата на Советот на Европа за Граѓанско право за корупцијата, ја дефинира корупцијата како барање, нудење, давање или прифаќање, директно или индиректно, мито или било каква друга непотребна предност или перспектива за тоа, а која го нарушува правилното извршување на секоја должност или однесување кое се бара од примателот на митото, непотребната предност или перспективата за таква предност.

## 1. Улогата на Државниот завод за ревизија во спречувањето на корупцијата

Државниот завод за ревизија е самостоен државен орган на Република Северна Македонија, со својство на правно лице и независен во своето работење. Со Државниот завод за ревизија раководи Главен државен ревизор.

Главниот државен ревизор го претставува и застапува Државниот завод за ревизија, обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите, раководи и ја организира работата на Државниот завод за ревизија.

[4] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ број 12/2019;„Службен весник на РСМ“ број 160/20),), член 2 став (3);

[5] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ број 12/2019;„Службен весник на РСМ“ број 160/20),), член 4.

Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија има за цел навремено и објективно да го информира Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.

Државниот завод за ревизија има особена одговорност во осигурувањето на транспарентност, отчетност и интегритет во процесот на државната ревизија. Спречувањето на корупцијата претставува клучен аспект на овие принципи, што го прави важен дел од неговата стратегија за развој и функционирање. Во согласност со законските обврски и интерните политики, овој план се фокусира на активности за зајакнување на системите за борба против корупцијата и подобрување на интегритетот во сите аспекти на работата на институцијата.

Несомнено улогата на Државниот завод за ревизија не треба и не смее да се разбере како репресивна туку напротив како активност која:

- обезбедува корективно постапување кај субјектите предмет на ревизија;
- обезбедува едукативна активност давајќи препораки за надминување на утврдените состојби;
- врши проследување на утврдените состојби преку надлежните органи доставувајќи ги конечните ревизорски извештаи до надлежните органи за оние субјекти каде се утврдени неправилности за несоодветно користење на јавните средства;
- врши постојано следење на постојната законска регулатива и давање препораки за подобрување на истата и
- обезбедува висок степен на транспарентност објавувајќи ги конечните ревизорски извештаи и информирање на засегнатите страни[6] за објавените конечни ревизорски извештаи, со што се обезбедува од една страна суд на јавноста за менаџментот, а од друга страна влијае едукативно за другите правни субјекти воочувајќи ги најчестите погрешни прикажувања.

Државниот завод за ревизија со погоре наведените активности претставува еден од клучните чинители во Република Северна Македонија за превенција на коруптивното однесување на правните субјекти од јавниот сектор.

Државниот завод за ревизија преку додадената вредност од спроведувањето на државната ревизија, во континуитет придонесува за зајакнување на системот за финансиско управување на јавните институции и ефективно мерење на

[6] Заклучно со месец декември 2025 година ДЗР има листа на 2.417 засегнати страни и во моментот на објавување на конечните ревизорски извештаи на веб страната и социјалните мрежи во ист момент ги информира и засегнатите страни.

резултатите, со цел создавање на соодветно контролно превентивно опкружување во борбата против корупцијата и другите видови на незаконско постапување.

Активностите на Државниот завод за ревизија поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Упатството за ревизија на превенција од корупција - GUID 5270[7] и друга релевантна законска регулатива.

Државниот завод за ревизија ги има систематизирано ризиците во Стратегијата за управување со ризиците 2025-2028[8] година која што е усогласена со Методологијата за проценка на ризици од корупција[9], Методологијата за управување со ризици кај јавните субјекти[10], Водичот за процена на ризици од корупција на централно и локално ниво, и во одделни сектори[11] и со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2021-2025)[12].

Со Стратегијата се уредуваат постапките и активностите за идентификација, процена, следење и управување со утврдените ризици кои можат да влијаат врз остварувањето на целите и успешното работење на ДЗР. Соодветното и добро управување со ризиците е од исклучителна важност за ДЗР.

ДЗР, континуирано остварува соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата во делот на давање стручен придонес во подготовката на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026–2030 година, а по нејзиното донесување ќе презема активности за нејзина имплементација во рамки на надлежностите на Државниот завод за ревизија.

Стратегијата за управување со ризиците претставува клучен документ за воспоставување на сеопфатен и систематски пристап кон идентификување, процена и управување со ризиците кои можат да влијаат на функционирањето на Државниот завод за ревизија. Во рамките на оваа стратегија, ризиците се категоризирани во стратешки и оперативни ризици и тоа:

1. **Стратешки ризици** - се однесуваат на постигнување на стратешките цели на ДЗР, вклучувајќи ги ризиците во однос на: недоволна институционална независност (функционална, финансиска и организациска) што треба да се постигне со донесување на новиот Закон за државната ревизија и вградување на ДЗР како уставна категорија, измена на регулативата за вработените во јавниот сектор односно административните службеници; недостаток на човечки или организациски капацитети кои влијаат на ефективното внатрешно управување при што зајакнувањето на овие капацитети се очекува да се постигне преку континуирано зголемување на буџетот,

[7] GUID 5270 Upastvo revizija prevencija korupcija.pdf (dzr.mk).
[8] Бр. 01-1147/1 од 30.12.2025 година.
[9] https://dksk.mk/fileadmin/user upload/2019/Metodologi a za procenka na rizicite od korupci a 02.10.2019 mk.pdf.
[10] https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/centralna-edinica-za-xarmonizacija-na-sistemot-na-jvfk-file-HXen.pdf.
[11] Бр. 01-1136/1 од 25.12.2025.
[12] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf.

подобрување на условите за работа и нови вработувања, недоволна усогласеност на ИТ системите со технолошкиот развој и новите системски решенија што може да доведе до неефикасност во работењето на ДЗР поради што е неопходно обезбедување на средства за замена или надградба на ИТ системите и други.

2. **Оперативни ризици** – се однесуваат на оперативни ризици и ризици од корупција кои произлегуваат од основната дејност на ДЗР, работните процеси поврзани со буџетскиот циклус, процесите на јавни набавки, процесите на управување со човечки ресурси, процесите за поддршка на ИТ, управување со средствата во ДЗР.

Во Стратегијата е предвиден процес за управување со ризиците, кој вклучува нивна идентификација, проценка на нивото на ризик, утврдување на контролни механизми за нивно минимизирање и редовно следење на реализацијата на мерките. За таа цел, се користи Регистар на ризици, кој редовно се ажурира и претставува основна алатка за управување со ризиците на ниво на институцијата. Согласно новата Методологија за управување со ризици кај јавните субјекти, Државниот завод за ревизија изврши подготовка и ажурирање на Регистарот на ризици, кој претставува основна алатка за систематско управување со ризиците на институционално ниво. При изготвувањето на Регистарот на ризици задолжително се утврдија соодветни мерки за одговор и намалување на ризиците, како и јасно идентификување и означување на ризиците од корупција, паралелно со стратешките и оперативните ризици, со цел обезбедување ефективно, транспарентно и одговорно управување со ризиците.

За да се обезбеди континуирано следење и ажурирање на ризиците Главниот државен ревизор донесе Решение за назначување на координатори за стратешки и оперативни ризици и координатори на ризици на организационите единици на ДЗР[13].

Согласно **Акцискиот план** во НССК во Сектор 5.3. Органи за спроведување на законот, Проблем 6: Одговорните или раководните лица на институциите не ги спроведуваат препораките предложени од внатрешната ревизија и Државниот завод за ревизија, што е поврзано со стратешките цели на Стратегијата и тоа:

- **стратешка цел број** 3. Јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор и
- **стратешка цел број** 4. Спроведување на надлежностите во јавниот сектор на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин, утврдена е **мерката:**

„Да се воспостави ефикасен систем за известување за не/спроведување на препораките од внатрешната ревизија и Државниот завод за ревизија до

[13] Решение за назначување на координатори за стратешки и оперативни ризици и координатори на ризици на организационите единици на ДЗР број 47 – 887 /2 од 26.09.2025 година.

повисоките органи за надзор и контрола" предвидена е **активност** за соодветно изменување на Законот за државната ревизија.

*Главниот државен ревизор во април 2022 година го достави новиот предлог Закон за државната ревизија до Министерот за финансии за понатамошна постапка. Од моментот на поднесувањето на предлогот, се одржаа неколку работни средби помеѓу ДЗР и МФ, што резултираше со изготвување на нова верзија на предлог-законот. Во февруари 2023 година, МФ го започна процесот на јавни консултации за предлог Законот за државна ревизија на платформата Единствен национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (www.ener.gov.mk), и во исто време го достави до надлежните институции за обезбедување на правно мислење. Како резултат на добиените забелешки од надлежните институции, ДЗР во континуитет презема активности за вградување на добиените забелешки.*
*Во јули 2025 година, Главниот државен ревизор повторно достави нов предлог Закон за државната ревизија до МФ, согласно добиените забелешки од надлежните институции. По завршување на правното усогласување помеѓу институциите, се очекува МФ да го поднесе предлог Законот за државната ревизија до Владата на Република Северна Македонија, по чие усвојување, Владата ќе го предложи за донесување во Собранието на Република Северна Македонија.*

Државниот завод за ревизија преку свои претставници учествува активно во координирање на активностите за следење на спроведувањето на Акциониот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година. За следење на активностите во рамки на Порталот на ДКСК е креирана веб апликација, во која номинирани се овластени државни ревизори / државни ревизори во улога на координатори, назначени се да внесуваат извештаи за степенот на реализација на активностите за кои Државниот завод за ревизија, во соработка со вклучените институции, е надлежен за спроведување на истите, како и за доставување извештаи до ДКСК.

Државниот завод за ревизија е дел од Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата[14]. Меѓуресорското тело е формирано заради јакнење на меѓу-институционалната соработка и координација на активностите за:

- креирање политики за унапредување на превенцијата и борбата против корупцијата, вклучително и за обезбедување техничка поддршка;
- спроведување на мерки или активности предвидени со национални или меѓународни стратешки или програмски документи од областа антикорупција;
- усогласено собирање и обработка на податоци за следење на состојбите со корупцијата и

[14] Одлука за формирање на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 145/23, 286/23, 211/24, 221/25).

- обезбедување придонеси за подготовка на извештаи и други материјали за известување на меѓународни организации и тела во врска со имплементација на препораки и стандарди од областа антикорупција.

Поаѓајќи од заложбите за обезбедување на почитувањето на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, а во согласност со ISSAI 130 – Кодексот на етика на INTOSAI, Државниот завод за ревизија има усвоено Политика на интегритет и истата ја има објавено на својата веб страна[15].
Исто така од страна на ДЗР номинирано е лице/а за интегритет заради континуирано имплементирање на системот на интегритет во организација на ДКСК.

Државниот завод за ревизија две години по ред се издвојува како највисоко оценета институција во рамки на Националниот систем за интегритет (НСИ) во рамките на Транспаренси Интернешнл - Македонија како дел од проектот „ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција", кој е финансиран од Европската Унија и Владата на Швајцарија. Овој систем ги опфаќа клучните институции кои се ангажирани во борбата против корупцијата, при што анализата вклучува 15 различни столбови.

Државниот завод за ревизија е најдобро рангирана институција во објавениот Извештај од спроведениот мониторинг на имплементацијата на системот за интегритет за 2024 година од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Годинешниот мониторинг за проактивна транспарентност/на веб страниците на имателите од државните институции, спроведен во 2025 година од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, го рангираше ДЗР на првото место на листата на најотчетни институции, со освоени максимални 51 бод согласно критериумите од член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Државниот завод за ревизија активно учествува во фазата на билатерален скрининг од преговорите за членство во Европската Унија, и за таа цел се номинирани претставници од редот на вработените во следните области/под области:

- финансиска контрола (јавна внатрешна финансиска контрола/надворешна ревизија);
- јавни набавки (општи принципи/доделување на договори);
- правосудство и фундаментални права, антикорупциска политика (вклучително и родово одговорно буџетирање);
- економски критериуми;

[15] Politika_integritet_DZR_2022.pdf.

- функционирање на демократските институции (изборен процес, финансирање на политички партии, соработка и функционирање на Собранието);
- стратешка реформа на јавната администрација и управување со јавните финансии.

Во текот на 2025 година, вработените во Државниот завод за ревизија земаа учество на работилници/вебинари на тема спречување на корупција, организирани во рамките на Годишната програма за континуирано професионално усовршување за 2025 година, организирани од страна на домашни и странски донатори/проекти/иницијативи како и од други врховни ревизорски институции, во рамки на ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ.

Сериозниот пристап на Државниот завод за ревизија како институција која постојано вложува во унапредувањето и зајакнувањето на капацитетите на своите вработени јасно се потврдува преку тоа  што ДЗР располага со 102 овластени државни ревизори/државни ревизори кој поседуваат Меѓународен сертификат за управување со ризици од корупција издаден од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (ЦИПФА), додека 17 овластени државни ревизори/државни ревизори поседуваат сертификат за обучувачи за управување со ризици од корупција, исто така издаден од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (ЦИПФА).
Државниот завод за ревизија е институција со визија, не само во регионот, туку и пошироко, во областа на спроведувањето, управувањето и следењето на ризиците од корупција и плановите за интегритет на ниво на држава, во сите субјекти од јавниот сектор.

Државниот завод за ревизија како државна институција со високо реноме, која веќе го има имплементирано и сертифицирано системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на ISO 9001:2015, продолжи со трендот на заложба кон имплементација на меѓународните стандарди за квалитет и светски признати добри практики за управување со системи за квалитет во значајни области/процеси кои се одвиваат во рамките на организациите, со цел демонстрирање политики на доброто владеење во областа „државна ревизија“.

Со имплементација на овој меѓународен признат систем, се вклучува демонстрација на одговорност и воспоставување на стандард кој ќе го унапреди системот на функционирање со цел зголемување на квалитетот на веќе воспоставените услуги.

Во август 2025 година, Државниот завод за ревизија успешно изврши редовна годишна проверка од сертификационо тело, при што се констатираше уредна имплементација односно примена на Системот за управување со квалитет во согласност со ISO стандардот МКС EN ISO 9001:2015 до 30.05.2027 година.

Државниот завод за ревизија во август 2022 година го заврши процесот на имплементација на меѓународниот стандард за спречување на корупција ISO 37001:2017, кој е дизајниран со соодветни механизми за превенција и откривање, како и конкретни мерки за борба против корупција[16].

Сертификацијата на ISO 37001 – Меѓународниот стандард за воспоставен систем за борба против корупција и ISO 27001 – Меѓународниот стандард за систем за управување со безбедност на информациите ќе биде спроведена кога во државата ќе бидат создадени услови, односно постоење на акредитирано тело од Институтот за акредитација кое потоа ќе го изврши процесот на сертификација на ДЗР согласно наведените стандарди.

## 2. Планирани мерки во поглед на спречување на корупција на ниво на Државниот завод за ревизија за 2026 година

Во согласност со Акцискиот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДЗР има преземено активности за унапредување на известувањето за реализацијата на ревизорските препораки и засилување на механизмите за отчетност на јавните институции во однос на нивното постапување по ревизорските извештаи.

Со оваа рамка, ДЗР обезбедува системско следење и управување со ризиците кои можат да влијаат врз неговото функционирање, придонесувајќи кон унапредување на интегритетот, транспарентноста и одговорноста во јавниот сектор.

Со овој Годишен план се определуваат конкретни мерки кои во текот на 2026 година треба да ги преземе ДЗР во поглед на превенција од корупција односно спречување на корупција на ниво на самата институција како и активности кои во вршењето на државна ревизија на субјектите предмет на ревизија имаат или може да имаат влијание и врз превенцијата или спречувањето на корупцијата, како резултат на извршувањето на надлежностите на ДЗР. Надлежностите на Државниот завод за ревизија, пред се, се пропишани со одредбите од Законот за државната ревизија, Законот за јавните набавки, Законот за финансирање на политички партии, Изборниот законик, Законот за буџети, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во

[16] За целите на имплементацијата на ISO 37001:2017, беа преземени повеќе активности и тоа како што следува:
- обука на вработени за барањата на стандардот ISO 37001:2017 и обука за интерни проверувачи за барањата на стандардот;
- оценка на ризик во сите работни процеси на Државниот завод за ревизија, при што се идентификувани критични точки за појава на корупција со мерки за нивно отстранување;
- воспоставени финансиски, управувачки и нефинансиски управувачки мерки;
- дефинирање на начин при појава на било каков сомнеж и евентуална пријава за мито и корупција, како и понатамошно спроведување на истраги и преземање на мерки;
- дефинирање на начин на кој се реализира процес на прием на подароци, гостопримство, донации и спонзорства;
- Прирачник за вработените во Државниот завод за ревизија со цел подигнување на свеста за спречување на корупција.

јавниот сектор, Законот за локалната самоуправа и друга релевантна законска рамка, методолошките алатки согласно МСВРИ, стандардите за квалитет, насоките и стратешките документи на Државниот завод за ревизија.

Целта на Годишниот план за спречување на корупција на Државниот завод за ревизија е да се дефинираат конкретни мерки и активности кои ќе се преземат во текот на 2026 година со цел ефективно спречување на корупцијата и судирот на интереси. Планот има за цел да го зајакне интегритетот и транспарентноста на институцијата, да ги оптимизира процесите на државната ревизија и да ги обезбеди највисоките етички стандарди во работењето. Дополнително, планот има за цел да ја унапреди отчетноста, да го поддржи управувањето со човечките ресурси и да ја унапреди соработката со други органи и институции задолжени за превенција на корупцијата. Преку спроведувањето на овие мерки, Државниот завод за ревизија настојува да има значаен придонес во намалувањето на корупцијата и зголемување на јавната доверба во институцијата.

Во насока на спречување на корупцијата Државниот завод за ревизија презема мерки и активности за:

- демонстрирање на волја на раководниот менаџмент на Државниот завод за ревизија за спречување корупција и судир на интереси;
- преиспитување на законската регулатива поврзана со државната ревизија а во врска со спречување на корупција и судир на интереси;
- демонстрирање етика и интегритет во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси;
- континуирана дигитализација во вршењето на државната ревизија;
- континуирана отчетност и транспарентност во вршењето државна ревизија и комуникација со медиумите и пошироката јавност;
- управување со човечки ресурси во правец на едукација и дејствување во превенција и спречување корупција и судир на интереси;
- почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделувањето на договорите за јавни набавки;
- следење на постојните и спрема потребите донесување на нови интерни правила и процедури за поодделните процеси вклучувајќи го и процесот на доделување на договорите за јавни набавки;
- почитување на начелата утврдени со Законот за буџетите при извршување на финансискиот план (буџет) за Државниот завод за ревизија и известувањето за неговото извршување;
- усогласување на методолошките акти за начинот на вршење на државната ревизија, особено во делот на регуларност согласно Рамката на професионални објави на ИНТОСАИ и Правилникот за начинот на водење на сметководството;
- воспоставување на системот на внатрешна финансиска контрола во кој го опфаќа финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и координација на активностите за нивно воспоставување и развој согласно со Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија;

- ефикасна внатрешна и надворешна комуникација;
- постојан процес на следење и анализа на научените лекции;
- континуирана соработка со другите надлежни органи задолжени за превенција и борба против корупцијата;
- соработка со други ВРИ и користење на добри практики;
- дополнителни контролни механизми за спречување на корупцијата;
- сертифицирање на Државниот завод за ревизија за имплементиран систем за справување со корупција согласно меѓународниот стандард ISO 37001:2017;
- сертифицирање на Државниот завод за ревизија за имплементиран систем управување со безбедност на информации согласно меѓународниот стандард ISO 27001:2017;
- примена на Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија согласно најдобрата пракса на Европските ВРИ и согласно МСВРИ;
- учество во активностите на регионалниот проект „Паметни финансии за одговорна локална самоуправа", кој ќе го спроведува UNDP во период септември 2025 година – декември 2027 година, а ДЗР е регионален лидер, со цел зајакнување на управувањето со јавните финансии на локално ниво во земјите на Западен Балкан и Молдавија, преку:
    - ревизии поврзани со Целите за одржлив развој (ЦОР),
    - спречување корупција и
    - унапредување на транспарентноста и локалните иновации.

Активностите во однос на спречување на корупцијата ќе се фокусираат на проактивно управување со ризиците од корупција, градење на капацитетите на институциите за борба против корупцијата и поттикнување на регионалната соработка преку размена на знаење и развој на практични упатства за антикорупциски практики;

- учество на ДЗР во активностите на INTOSAI Работната група за влијанието на науката и технологијата врз ревизијата (WGISTA) и INTOSAI Работната група за борба против корупцијата и перењето пари (WGFACML), кои имаат значајна улога во зајакнување на капацитетите на ВРИ за борба против корупцијата и за утврдување на влијанието на научните и технолошките достигнувања врз ревизиите во јавниот сектор. Учеството во овие INTOSAI работни групи беше иницирано за време на XXV Конгрес на INTOSAI кој се одржа во периодот 27 октомври – 1 ноември 2025 година во Шарм Ел Шеик, на кој делегацијата на ДЗР оствари повеќе билатерални средби, меѓу кои и со домаќинот ВРИ на Египет кој е и претседавач со овие работни групи;
- учество во активностите на проект „Заедници на интегритет", кој го спроведува NDI во период септември 2025 година – декември 2027 година, со цел зајакнување на управувањето со јавните финансии на локално ниво.

## 2.1 Демонстрирање на волја на раководниот кадар на Државниот завод за ревизија за спречување корупција и судир на интереси

Оваа мерка ќе се реализира во 2026 година преку извршување на следните активности:

- реализација на државните ревизии планирани со Годишната програма за работа за Државниот завод за ревизија за 2026 година, во рамки на кои, овластените државни ревизори, во вршењето државна ревизија кај субјектите предмет на ревизија, во континуитет внимаваат по службена должност за состојбите при констатирање неправилност во вршење државна ревизија, ако оценат дека истото може да претставува дејствие на сторено кривично дело од областа на спречување корупција и судир на интереси, веднаш да ги известат надлежните органи согласно член 35 од Законот за државната ревизија;
- во процесот на вршење на ревизија на финансиските извештаи согласно Законот за финансирање на политичките партии, овластените државни ревизори по службена должност внимаваат во случаите ако има неправилности во годишниот финансиски извештај на политичката партија, а не се во согласност со одредбите на овој закон, вклучително и на можни дејствија на корупција, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите (согласно член 27 од Законот за финансирање на политичките партии);
- мониторинг / следење на извршувањето на поединечни задачи од страна на раководството на Државниот завод за ревизија, согласно надлежностите пропишани со Законот за државната ревизија, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, и други посебни прописи и акти, кои се посредно или непосредно поврзани со спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, односно:
- дали одговорното лице за следење и известување за имплементација на Стратегијата за управување со ризици на Државниот завод за ревизија за 2025-2028 година на секои три месеци го известува Главниот државен ревизор за степенот на имплементација на Стратегијата;
- дали координаторите за стратешки и оперативни ризици утврдуваат/ажурираат и евидентираат стратешки и оперативни ризици во регистарот на ризици на Државниот завод за ревизија и вршат нивно следење;
- дали е поднесен до Главниот државен ревизор за разгледување Извештај за реализација на Годишната програма за осигурување на квалитет во вршењето државна ревизија за 2026 година;
- дали се примени и дали се постапува по поднесоци против државни ревизори за евентуална злоупотреба на службена должност, коруптивно однесување, вклучително и информација за водени постапки за утврдување на одговорност;
- дали има поднесени пријави од укажувачи;
- дали се констатирани состојби на корупција при вршење ревизија кај субјекти на ревизија за кои се известени надлежни органи;
- дали и колку се реализирани обуки согласно Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2026 година, особено учество во работни групи, иницијативи, проекти или други тела во земјата и

странство во кои биле вклучени теми од областа на спречување корупција и судир на интереси;
- дали е извршен процесот на годишно ажурирање или измена во воспоставените интерни процедури на Државниот завод за ревизија вклучително и на процедурите опфатени со Системот за управување со квалитет во Државниот завод за ревизија;
- дали Државниот завод за ревизија редовно постапувал по евентуални барања од Народниот правобранител или барања од истражни и правосудни органи по однос на доставување информации за отворени предмети кај наведените институции односно органи а за кои биле побарани податоци од Државниот завод за ревизија;
- дали е постапено по сите барања на податоци согласно член 25 точка 14 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно дека е одговорено по сите барања за податоци од евиденции за извршени ревизии и податоци од електронскиот систем за управување со ревизија до ДКСК од страна на Државниот завод за ревизија;
- дали се постапува согласно Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Р.М.“ број 180/15 и 313/20), и согласно истата се води евиденција за примени дарови во електронска форма.
- дали редовно согласно роковите се одвива реализацијата на планот за јавни набавки, постапката на негово донесување и менување и почитувањето на процедурата за секој поединечен вид на јавни набавки во Државниот завод за ревизија, дали се поднесени жалби по однос на спроведените постапки, дали договорите се реализираат согласно одредбите и сл.;
- дали функционира воспоставениот систем на внатрешна финансиска контрола кој го опфаќа финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија;
- дали се одржани редовни годишни интерни проверки на воспоставениот систем за управување со квалитет ISO 9001:2015.

Горенаведените активности, раководниот кадар на ДЗР односно Главниот државен ревизор во соработка со Заменикот на главниот државен ревизор и Генералниот секретар ќе ги извршува/ат преку донесување на соодветни акти за воспоставување на материјално-правна и процесно-правна основа за нивно извршување, организирање на технички состаноци на стручниот колегиум, технички состаноци со комисии, функционирањето на тимот за квалитет и активностите кои ќе ги врши Раководител за спречување на корупција и за интегритет назначен од Главниот државен ревизор и други тела формирани за извршување на задачите, непосредни состаноци со одговорните лица назначени за извршување на определени должности, за што спрема потребите можат да побараат и непосредно поднесување на докази заради верификација дека се извршени активностите.

За непречено следење на активностите Главниот државен ревизор номинира лице кои континуирано ги презема потребните активности.

## 2.2 Преиспитување на законската регулатива поврзана со државната ревизија а во врска со спречување на корупцијата и судирот на интереси

Потребата од преиспитување на законската регулатива во Република Северна Македонија поврзана со зајакнување на надлежностите и статусот на ДЗР која е од значење за борбата против корупцијата и спречување на судирот на интереси а особено во делот на правната рамка во Законот за државната ревизија или други посебни закони, треба да претставува континуирана мерка.

Притоа оваа мерка се реализира преку четири конкретни активности:

- преиспитување на измени во регулативата поврзана со државната ревизија а особено Законот за државната ревизија, подзаконските акти, прирачници за поединечни видови ревизија, стратешките документи и интерните акти со кои се уредуваат поодделните процеси итн.;
- преиспитување на измени во регулативата поврзана со системот на внатрешна финансиска контрола и внатрешна ревизија;
- преиспитување на измени во регулативата за борба против корупцијата и спречувањето на судирот на интереси;
- преиспитување на измени во останатата регулатива во Република Северна Македонија врз основа на разгледување на сите препораки од системска природа дадени од страна на државните ревизори при вршење на државна ревизија согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2026 година.

Оваа активност ќе се врши континуирано во текот на 2026 година преку технички состаноци на раководството на ДЗР со ревизорските сектори односно тимови и следење на состојбата во делот на реализација на овие препораки од субјектите на ревизија.

Со горенаведените активности со кои би се реализирала наведената мерка, ќе се влијае дополнително на зајакнување на независноста на Државниот завод за ревизија, со очекување истата да биде гарантирана со Уставот на Република Северна Македонија и во согласност со МСВРИ и надминување на евентуално нотирани слабости и препораки за нивно надминување согласно Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија од Европската Комисија, извештаи од релевантни меѓународни организации и сл.

*Во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2025 година дадена е препорака за донесување на Законот за државната ревизија за зајакнување на независноста на Државниот завод за ревизија, подобрување на собранискиот надзор врз поединечните ревизорски извештаи и зајакнување на следењето на препораките дадени од Државниот завод за ревизија.*

### 2.3 Демонстрирање етика и интегритет во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси

Во рамките на соработката со надлежните институции, вработените се должни да ги почитуваат Уставот на Република Северна Македонија, легислативата на Република Северна Македонија, ISSAI, Кодексот на етика на ИНТОСАИ и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија.

Етичкото однесување е од клучно значење за ДЗР при воспоставување на угледот и довербата што мора да ја поттикнат кај засегнатите страни. Етичкиот кодекс обезбедува на Државниот завод за ревизија и на вработените, сет на вредности и принципи врз кои можат да го засноваат своето однесување.

Бидејќи опкружувањето на ревизијата на јавниот сектор често се разликува од оној на приватниот сектор, ИНТОСАИ има донесено ISSAI 130 - Кодекс на етика кој содржи дополнителни упатства за тоа како ВРИ да ги применуваат овие вредности во нивната секојдневна работа и конкретни ситуации. Истиот е преточен во Кодекс на Државниот завод за ревизија кој започна со имплементација во октомври 2022 година.

Кодексот наложува ревизорите да постапуваат согласно принципите за интегритет, независност, објективност, непристрасност, доверливост и компетентност. Кодексот на етика на ИНТОСАИ е наменет за секој индивидуален ревизор, за Главниот државен ревизор, за извршителите и сите оние кои работат за или во името на ВРИ и се ангажирани во ревизорската работа.

Државниот завод за ревизија е најдобро рангирана институција во објавениот Извештај од спроведениот мониторинг на имплементацијата на системот за интегритет за 2024 година од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата[17]. Во периодот на подготовка на Годишниот план за спречување на корупција на Државниот завод за ревизија за 2026 година, се спроведува мониторинг на имплементацијата на системот на интегритет во институциите за 2025 година.

Овластените државни ревизори/државните ревизори, со цел поефикасно детектирање на неправилностите во ревизиите како можни дела на измама и корупција, поефикасен надзор на користењето на средствата од ЕУ фондови и друга претпристапна помош, покрај на постојните методолошки акти за државна ревизија се придржуваат и до:

- Упатството за превенција од корупција (GUID 5270);
- Насоките поврзани со откривање на неправилности, измама и корупција;
- Насоките за ревизија на ЕУ фондови и претпристапна помош;
- Водич за процена на ризици од корупција на централно и локално ниво, и во одделни сектори;

[17] 🔎 ИНТЕГРИТЕТОТ КАКО СТОЛБ НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ – ДКСК СО ОБЕМЕН ИЗВЕШТАЈ И ПОВИК ЗА ПОГОЛЕМА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ – Државна комисија за спречување на корупцијата

- Годишните планови за спречување на корупција на Државниот завод за ревизија.

Исто така заради намалување на ризикот од корупција, оваа мерка ДЗР согласно одредбите од Законот за државната ревизија, Кодексот на етика на ИНТОСАИ и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија во своето работење ќе ја имплементира со следните активности односно дополнителни процеси како што се:

- Изјава за непостоење конфликт на интереси во вршење државна ревизија односно давање Изјава за непостоење на судир на интереси од државните ревизори за секоја ревизија и
- Изјава за запознавање со Кодекс на етика на Државниот завод за ревизија.

Лица задолжени за имплементација на утврдените активности се: Комисијата за професионална етика, генералниот секретар и други лица номинирани од главниот државен ревизор.

Имајќи го во предвид посебното значење на второстепените органи (државни комисии) кои одлучуваат како и органите на правосудството (истражните органи и тела, јавното обвинителство и судовите) во борбата против корупцијата, согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2026 година, во рамките на оваа област планирани се ревизии на регуларност на Судската власт и Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

Ревизиите на наведените субјекти ќе придонесат за детектирање на слабостите и констатирање состојби согласно кои ќе бидат издадени ревизорски извештаи со ревизорско мислење и дадени препораки за намалување на ризиците и слабостите во нивното функционирање, што подразбира збир на активности во однос на кадровските, финансиските и оперативните капацитети.

### 2.4 Континуирана дигитализација во вршењето на државната ревизија

Во поглед на дигитализацијата во ДЗР, Секторот за ревизија на информациски системи под мониторинг на раководството на ДЗР ќе врши континуирана проверка дали употребата на технологијата при реализација на годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за тековната година е во согласност со ИТ политиките и процедурите за имплементација на системот за управување со процесот на ревизија (AMS).

ДЗР во 2024 година се вклучи во програмата за ИТ безбедност на ИДИ, со која се прави имплементирање на ИСО 27001:2022 во ВРИ. Во рамки на овие активности изготвен е акциски план, согласно кој е формирана група со Решение број 03-1078 од 06.12.2024 година, за усогласување на постоечките политики и процедури за безбедност на информацискиот систем и информациите на ДЗР согласно барањата на ИСО 27001:2022. Дополнително во 2025 година донесен е Закон за безбедност на

мрежни и информациски системи[18], чија цел е безбедност на мрежните и информациските системи, управување со значајни сајбер безбедносни инциденти, мерки за безбедност на мрежни и информациски системи и за управување со ризикот за сајбер безбедност, правила и обврски за известување и размена на информации за инциденти.
Со ажурирање на политиките и процедурите за ИТ безбедност и процедурите за имплементација на систем за управување со процесот на ревизија (AMS) ќе се направи усогласување со законската регулатива и стандардот ИСО 27001:2022 за ИТ безбедност.
Развојот и зајакнувањето на инфраструктурата, техниката и технологијата на информацискиот систем на ДЗР е согласно ИТ Стратегијата на Државниот завод за ревизија 2023-2027 (верзија 2.0), во која е направена измена во јуни 2024 година.

Во рамки на соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Врховната ревизорска институција на Норвешка, се спроведуваат активности насочени кон развивање на иновативни решенија за подобрување на ефикасноста во процесот на ревизија. Како резултат на овие активности, развиена е иновативна алатка чија основна цел е прибирање, обработка и анализа на податоци за склучените договори по јавни набавки. Иновативната алатка обезбедува податоци од електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) на Бирото за јавни набавки, од каде ги презема релевантните податоци за објавените договори од спроведените постапки за јавни набавки. Оваа напредна алатка им овозможува на ревизорите и сите корисници да спроведуваат детални, ефикасни и фокусирани на ризик анализи на јавните набавки спроведени од субјектите предмет на ревизија, откривајќи можни неправилности што укажуваат на ризик од корупција или нерационално трошење на јавните средства. Пристап до оваа алатка е овозможен за вработените во единиците на локална самоуправа (ЕЛС). Државниот завод за ревизија во наредниот период ќе работи на надградба на иновативната алатка кон проширување и пристап и на други засегнати страни и јавноста.
Воедно развиена е и софтверска алатка – чатбот, која користи можности на вештачка интелигенција за овозможување интерактивен пристап и двонасочна комуникација со корисниците. Алатката обезбедува поддршка во делот на поврзаноста и навигацијата низ релевантните стандарди. Преку автоматизирани одговори и насочување, се олеснува пристапот до информации и се подобрува усогласеноста со важечките стандарди.
Во следниот период ќе се продолжи со иновативната лабораторија за развивање на нови решенија и надградба и подобрување на постојните алатки за подобрување на ефикасноста во процесот на ревизија и откривање можни неправилности што укажуваат на ризик од корупција или нерационално трошење на јавните средства.

[18] Службен весник на РСМ, бр. 135 од 4.7.2025 година.

### 2.5 Континуирана отчетност и транспарентност во вршењето државна ревизија и комуникација со медиумите и пошироката јавност

Државниот завод за ревизија, согласно усвоената комуникациска стратегија 2024-2027, воспостави двонасочен модел на комуникација со клучните целни групи, особено со општата јавност, медиумите и граѓанските организации.

На овој начин предвидено е ДЗР да има отворено постојан дијалог со целните групи со што најсоодветно ќе ја остварува својата мисија на отвореност, транспарентност и отчетност.

Имено, во насока на зголемување на отчетноста, транспарентноста и одговорноста во работењето на ДЗР, извршувањето на државната ревизија и овозможување утврдените состојби содржани во Конечните ревизорски извештаи, да бидат достапни до засегнатите страни вклучувајќи ги и граѓаните како даночни обврзници, Државниот завод за ревизија воспостави систем на постојано ажурирање на засегнатите страни и доставување на информации за објавените Конечни ревизорски извештаи.

Откако во 2021 година Државниот завод за ревизија го доби и својот профил на социјалната мрежа **Facebook** за промовирање на работењето на Државниот завод за ревизија и информирање на јавноста за утврдените состојби со државната ревизија, истиот низ годините беше континуирано одржлив со динамика на постојан пораст во бројот на прегледи од страна на сите засегнати страни/јавност како и постојано зголемување на бројот на постојани следбеници.

Покрај тоа Државниот завод за ревизија е застапен и на YOUTUBE, LINKEDIN и INSTAGRAM мрежата.

Промовирањето на работењето на Државниот завод за ревизија и активностите кои се преземаат од страна на ДЗР, се врши континуирано со постојано објавување на информации на веб страната на Државниот завод за ревизија: https://dzr.mk, како и на официјалните страни на ДЗР на социјалните мрежи Facebook, Instagram, LinkedIn и на YouTube.

Државниот завод за ревизија се стреми кон активно и постојано вклучување на граѓаните во ревизорскиот процес. Новите технологии отвораат можности за општата јавност, медиумите и граѓанските организации да посочуваат теми и институции за кои е потребно да се направи ревизија и овозможуваат отворање на дијалог со јавноста. Принципот на интерактивност и учество е во основата на двонасочниот модел на комуникација на Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија воспостави пракса започнувајќи од 2021 година согласно која сите засегнати страни вклучувајќи ги и граѓаните да доставуваат барање за вклучување на субјекти предмет на ревизија или одредени области за

ревизија на успешност во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија. Наведеното барање / образец е поставен на веб страната на ДЗР: **https://dzr.mk/mk/contact/barane_za_revizija.**

Следењето на оваа активност е утврдено со Политиката за внатрешна и надворешна комуникација и известување за резултатите од извршените ревизии, Процедурата за објавување на ревизорските извештаи, документи и други информации на веб страната на Државниот завод за ревизија и Процедурата за комуникација на Државниот завод за ревизија со заинтересираните страни.

Остварувањето на позитивната транспарентност, отчетност и одговорност во работењето на ДЗР се остварува не само преку објавувањето на Конечните ревизорски извештаи, туку и преку подготвување на: соодветен ревизорски апстракт или соопштение за медиумите како и подготовка на видео за одредени клучни ревизорски извештаи со користење на вештачка интелигенција како би можел да се олесни пристапот на информации до сите категории на граѓани.

Во исто време за Годишниот извештај за извршените ревизии и за работа на ДЗР за 2024 година подготвено е соодветно видео[19] кое го олеснува разбирањето на содржината на самиот извештај како и за Годишната програма за работа на ДЗР за 2026 година подготвено е исто така соодветно видео[20].

Преземените активности од страна на ДЗР како ВРИ на Република Северна Македонија го трансформираат како институција од јавниот сектор кој има проактивна транспарентност и во исто време обезбедува имплементација на: GUID 9040 Добра пракса во врска со транспарентноста на ВРИ[21], INTOSAI – P 12 Вредност и придобивки од ВРИ – правење разлика во животот на граѓаните[22], INTOSAI – P 20 Принцип на транспарентност и отчетност[23]. Ваквиот пристап предизвикува зголемување на довербата во работењето на ДЗР, подобрување на контролното опкружување и секако зголемување на посетеноста на веб страната на ДЗР која споредена 2025 година виза ви 2020 година бележи раст од 633,83% односно зголемување од 6,34 пати.

### 2.6 Управување со човечки ресурси во правец на независен и непристрасен процес на вработување, унапредување, едукација на државни ревизори

Со цел остварување на своите надлежности и задачи, Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција, потребно е да посвети доволно внимание на градење на модерен, ефикасен и функционален систем за управување со човечки ресурси, што подразбира воспоставување на најдобри пракси, а во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни

[19] https://www.youtube.com/watch?v=7Dp2nwdek50&t=77s.
[20] https://www.youtube.com/watch?v=o8buhGQmiSg.
[21] https://dzr.mk/sites/default/files/2021-04/GUID_9040_Dobra_praksa_transparentnost_VRI.pdf.
[22] https://dzr.mk/sites/default/files/2021-04/Vrednost_pridobivki_VRI_12.pdf.
[23] https://dzr.mk/sites/default/files/2021-04/Transparentnost_otcetnost.pdf.

службеници, Колективниот договор на Државниот завод за ревизија и други прописи од областа на човечките ресурси.

Активности во 2026 година со кои ќе се реализира оваа мерка се:

- реализација на Годишниот план за вработување во Државниот завод за ревизија за 2026 година во делот на започнување постапка на интерно унапредување согласно одредбите на Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија;
- едукација на сите нововработени државни ревизори пред започнување со државна ревизија;
- реализација на Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2026 година, односно реализирани обуки, семинари, работилници во земјата и во странство во рамки на кои задолжително има програмирано обуки од областа на превенција од корупција, измами и мито и други форми и појави поврзани со корупцијата;
- континуирано разгледување на реализацијата на активностите по мерки опфатени во Стратегијата за управување со човечките ресурси 2024-2027.

Почитувајќи ги методолошките акти, вклучувајќи ја и една од целите на INTOSAI P-12 „Организација за пример" Државниот завод за ревизија во текот на 2026 година ќе ја продолжи соработката со Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (ЦИПФА), преку континуирано професионално усовршување на вработените кои се стекнаа со меѓународниот сертификат за управување за ризици од корупција, во делот на управување со ризици од корупција.

Во исто време ДЗР во 2026 година ќе продолжи да ги зајакнува капацитетите на сите државни ревизори во делот на форензичка ревизија, по пат на специјализирани обуки во оваа област, во рамки на обезбедената техничка поддршка од Европската Унија.

Одговорен за следење и имплементација на наведената активност е генералниот секретар, организационата единица на Државниот завод за ревизија за управување со човечките ресурси и лицата номинирани од главниот државен ревизор за едукација.

### 2.7 Почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделувањето на договорите за јавни набавки

Државниот завод за ревизија во своето работење освен што согласно методолошките акти и одредбите на Законот за јавните набавки врши ревизија на начинот на доделување на договорите за јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија, обезбедува и почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделување на Договори за јавни набавки и следењето на нивната реализација во рамките на Државниот завод за ревизија.

Освен подготвената Програма за ревизија на јавните набавки како методолошки акт кој е во функција на ревизија на доделените договори за јавни набавки кај субјектите предмет на ревизија, Главниот државен ревизор во текот на 2020 година донесе Процедура за начинот и постапката на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки во Државниот завод за ревизија.

Наведената процедура обезбедува воедначен пристап на сите комисии за јавни набавки во рамките на ДЗР. Во процесот на ДДЈН и следење на реализација на договорите за јавни набавки обезбедено е разграничување на надлежностите на вработените.

Одговорен за следење и имплементација на наведената активност е генералниот секретар, вработениот на работно место Виш соработник кој е одговорен за спроведување на планот за јавни набавки, номинираните лица за доделување на договори за јавни набавки, лицата номинирани за контрола на добиените документи за извршените набавки, работи и услуги.

### 2.8 Почитување на начелата утврдени со Законот за буџети при извршување на финансискиот план (буџет) на Државниот завод за ревизија и известувањето за неговото извршување/реализација и доследно почитување на Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор

Државниот завод за ревизија во процесот на подготвување, извршување и известување за извршувањето/реализацијата на финансискиот план на Државниот завод за ревизија обезбедува доследно почитување на принципите утврдени во Законот за буџети, односно:

- принцип на фискална одговорност подразбира Буџетот на државата и општините да се планира и извршува согласно со среднорочни фискални цели, базиран на реална проекција на макроекономските индикатори, преземени обврски и постојните законски обврски и јавните средства со кои се управува на начин со кој се обезбедува среднорочна и долгорочна фискална одржливост;
- принцип на економичност, ефикасност и ефективност подразбира Буџетот на државата и општините да се планира и извршува на начин што ќе обезбеди ефективно и ефикасно користење на јавните средства за постигнување на поставените цели;
- принцип на сеопфатност на буџетот подразбира дека сите приходи и други приливи и сите расходи и други одливи на сите буџетски корисници се внесуваат во Буџетот на државата и општините целосно без никакво приспособување меѓу себе, освен за пренос помеѓу нив;
- принцип на универзалност подразбира дека сите приходи и други приливи се користат за намирување на сите расходи и други одливи на Буџетот на државата или општините, освен ако со овој или со друг закон поинаку не е определено;

- принцип на специфичност подразбира буџетските корисници да можат да преземаат обврски и да вршат плаќања само за целите и во износи утврдени со буџетот, согласно со буџетските класификации;
- принцип на готовинска основа подразбира буџетите или финансиските планови на буџетските корисници да се подготвуваат и извршуваат на готовинска основа;
- принцип на една година подразбира дека буџетот се носи за период од една година, која се совпаѓа со календарската година;
- принцип на избалансиран буџет (буџетска рамнотежа) подразбира дека приходите и расходите во Буџетот на државата и општините се избалансирани;
- принцип на транспарентност подразбира дека Буџетот на државата и општините, како и неговите измени и дополнувања, извршувањето и буџетската документација ќе бидат објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија", односно во службено гласило или на веб-страницата на Министерството за финансии и на општините, а финансиските извештаи на ДЗР и на другите јавни субјекти ќе бидат објавени на нивните веб-страници;
- принцип на сигурно финансиско управување подразбира извршување на буџетот во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства и
- принцип на родова еднаквост подразбира родово одговорно буџетирање, односно зачувување на родовата еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетските приливи и одливи.

Буџетската класификација согласно член 5 од Законот за буџетите се користи за идентификување на специфичните намени и извори на буџетските средства и за презентирање и систематско следење на приходите и на другите приливи и расходи и други одливи според надлежен орган, економска намена, функција, програма и извор на финансирање. Буџетски класификации се:

- организациона класификација со која се класифицираат буџетските корисници во хиерархиска организациона структура на поврзани и заемно координирани субјекти (матичен буџетски корисник, раздел и буџетски корисник) за да се утврдат надлежностите на субјектите за планирање и управување со јавните средства и вработените заради постигнување на зацртаните цели;
- економска класификација ги класифицира приходите и другите приливи согласно со нивната природа и расходите и другите одливи согласно со нивната економска намена во класи, групи, подгрупи, раздели и основни конта;
- функционална класификација ги класифицира расходите и другите одливи на буџетот според нивните функционални општи и конкретни цели за кои се

наменети согласно со прифатената Меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации;
- програмска класификација опфаќа поделба на буџетот на политики, програми, потпрограми и проекти или активности дефинирани со планските документи истовремено групирајќи ги заедно сите јавни услуги и активности со заедничка цел и исход низ организациска структура и
- класификација по извори на финансирање ги класифицира приходите и другите приливи во групи во однос на конкретните видови и намени на расходите и на другите одливи.

Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција се стреми кон зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста во финансиското работење, како и навремено сервисирање на достасаните обврски со доследно почитување на Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на РМ" бр.187/13, 201/14, 215/15 и „Службен весник на РСМ" бр. 124/19, 122/21 , 129/23 и 3/25) и почитување на одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. За таа цел Државниот завод за ревизија има воспоставено пракса континуирано да ги објавува финансиските извештаи на својата веб страна:

- финансискиот план за сите сметки со кои располага во текот на фискалната година (637-сметка на основен буџет, 631-сопствена сметка и 785-донаторските сметки);
- извршувањето (реализацијата) на финансискиот план на сите горенаведени сметки;
- финансиските извештаи (завршната сметка) на сите горенаведени сметки и
- во исто време да ги објавува континуирано ревизорските извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи.

Ревизорскиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2024 година е достапен на следниот линк: https://dzr.mk/mk/transparentnost/zavrsni-smetki/revizorski-izvestai-nezavisen-revizor .

Исто така ДЗР обезбедува континуирано постапување согласно одредбите на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, каде се поместени информациите и податоците кои имаат третман на информации од јавен карактер[24]. На овој начин се обезбедуваат податоци и информации кои се однесуваат на работењето на Државниот завод за ревизија а може да претставуваат интерес на одредени засегнати страни.

Годинешниот мониторинг за проактивна транспарентност/на веб страниците на имателите од државните институции, спроведен во 2025 година од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, го

[24] https://dzr.mk/mk/transparentnost/odnosi-javnost/sloboden-pristap-informacii

рангираше ДЗР на првото место на листата на најотчетни институции, со освоени максимални 51 бод согласно критериумите од член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Овој резултат ја потврдува високата институционална отвореност за принципите на отчетно, одговорно и транспарентно работење кои се доследно применувани во ДЗР[25].

Државниот завод за ревизија во согласност со Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 255/2024 година), Прирачникот за финансиско управување и контрола објавен на веб страната на МФ во делот закони и прописи - јавна внатрешна финансиска контрола и Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на Република Македонија" број 147/10 и 34/11), во континуитет и во 2026 година ќе продолжи со воспоставување на системот на внатрешна финансиска контрола. Согласно горенаведеното, ќе се изврши внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2026 година од сите извори на приходи по организациони единици кои ќе ги спроведуваат планираните активности и ќе се донесе пропратна правна рамка / документација и интерни акти во согласност со овој закон (овластување за преземање на финансиски обврски за реализирање на програмите, проектите и активностите дефинирани со буџетот на ДЗР за 2026 година, овластување за подготвување и реализација на спецификациите за плаќање на сите преземени финансиски обврски кои се однесуваат за реализација на програмите, проектите и активностите дефинирани со буџетот на ДЗР за 2026 година, овластување за потпишување на спецификациите за плаќање во врска со преземените финансиски обврски за реализација на програмите, проектите и активностите и Регистар на овластувања потпишан од сите даватели и примателии на овластувањата.
Исто така ДЗР во 2025 година донесе План за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола и истиот е со важност повеќе години. Наведената документација и интерните акти се изготвуваат и навремено доставуваат (во законски пропишаниот рок) до МФ - Сектор за централна хармонизација на внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор.

Со Решение[26] донесено од Главниот државен ревизор, формирана е работна група за подготовка на политики и процедури за финансиското работење со сите вклучени процеси и активности и на ден 30.09.2024 година донесени се:

- Процедура за водење на денарска и девизна благајна[27].
- Процедура за прием, контрола, плаќање и сметководствено евидентирање на влезни фактури во ДЗР[28].
- Процедура за пресметка и исплата на плати на вработените[29].

[25] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2025/12/ИЗВЕШТАЈ-ЗА-МОНИТОРИНГ-ДРЖАВНИ-ИНСТИТУЦИИ-2025.docx.

[26] Број 03-635/1 од 17.06.2024 година.
[27] Број 01-884/1.
[28] Број 01-883/1.
[29] Број 01-882/1.

- Процедура за користење и одржување на службени возила на ДЗР[30].
- Упатство за сметководствени политики на ДЗР[31].
- Процедура за материјална и сметководствена евиденција на основни средства, ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена и производи за кујна[32].
- Процедура за изработка на предлог буџет, планирање, следење и реализација на буџетот на ДЗР[33].
- Процедура за финансиски прашања[34].
- Процедура за исплата на патни и дневни трошоци за службено патување во странство[35].

Исто така донесена е Процедура за начин и рокови за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата на ДЗР со архивски број 01-1354/ на 28.12.2021 година заедно со следниве прилози:

- Решение за формирање на комисија за попис.
- Пописна листа на материјални и нематеријални средства.
- Пописна листа на парични средства и побарувања.
- Пописна листа на материјали, резервни делови, ситен инвентар.
- Пописна листа на обврски.
- Конфирмации.
- Извештај за попис.
- Решение за усвојување на извештајот за попис и
- Решение за отпис и расход на опрема по извршен попис.

Почнувајќи од 2025 година, Државниот завод за ревизија го зајакна кадровски одделението за внатрешна ревизија со еден вработен кој е во процес на континуирана едукација и спроведување на обврските за внатрешна ревизија согласно Законот за системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.

Одговорни за следење и имплементација на **начелата и принципите утврдени со Законот за буџети** е лицето задолжено за водење на деловните книги и подготвување на финансискиот план и финансиските извештаи, Советникот на главниот државен ревизор и други лица номинирани и овластени од Главниот државен ревизор.

Одговорни за воспоставување на системот на внатрешна финансиска контрола се лицата со генерални и посебни овластувања дадени од страна на ГДР.

[30] Број 01-881/1.
[31] Број 01-879/1.
[32] Број 01-886/1.
[33] Број 01-885/1.
[34] Број 01-878/1.
[35] Број 01-880/1.

### 2.9 Дополнителни контролни системи и механизми за спречување на корупција

Како дополнителен контролен механизам за спречување на корупција е назначувањето на Раководител за спречување на корупција и за интегритет во Државниот завод за ревизија задолжен за координирање на работните процеси во ДЗР согласно барањата (обврски, цели, мерки, активности) од правна, организациска, институционална и кадровска природа во областа на превенција и борба против корупцијата.
Временска рамка во која ќе се имплементираат утврдените активности во Годишниот план е 2026 година. Годишниот план за спречување на корупција претставува основа за постојано подобрување на интегритетот и отчетноста во работата на Државниот завод за ревизија. Континуираната имплементација на предвидените мерки ќе обезбеди зголемување на довербата на општата јавност во работењето на Државниот завод за ревизија за заштита на средствата на даночните обврзници и ќе го поттикне натамошниот развој на системите за превенција на корупција во јавниот сектор.

**Обврски за постапување:** Утврдените активности во Годишниот план покрај конкретно наведените лица за секоја активност се и обврска на постапување на сите вработени во Државниот завод за ревизија во рамките на нивните доделени надлежности и одговорности.

**Број: 01-1134/1**

**Скопје, 25.12.2025 година**

**Главен државен ревизор**

**м-р Максим Ацевски**